РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
Бр. 24-4170/1
22-06-2015 20__ год.
СКОПЈЕ

Друштво за производство, промет и услуги
ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО
Бр. 0302-256/15
22.06.2015 год.

Врз основа на член 42 став 2 од Законот за концесии и јавни приватни партнерства ("Службен весник на Република Македонија" бр. 6/12, 144/14 и 33/15), член 2 став (1) и член 46 од Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14), член 4 и член 5 од Уредбата за содржината на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство и договорот за концесија на добра од општ интерес ("Службен весник на Република Македонија" бр.44/12), како и член 24 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-руди бакар и злато на локалитетот "с.Иловица", Општина Босилово, бр. 24-4563/1 од 23.09.2014,

1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Застапувана од Министерот за економија
Bekim Neziri (во понатамошниот текст: Концедент) и

2. Друштвото за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО Скопје, со адреса на Бул. Партизански одреди 14,1/2-3, 1000 Скопје, Република Македонија,
Застапувано од лицатаВаршан Бабулал Гокул, Стивен Лоренс Шарп и Патрик Вилијам Форвард, (во понатамошниот текст: Концесионер),

на ден _________ 2015 година во Скопје, склучија

# АНЕКС
# НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА-РУДИ БАКАР И ЗЛАТО НА ЛОКАЛИТЕТОТ "С.ИЛОВИЦА", ОПШТИНА БОСИЛОВО

## Член 1

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-руди бакар и злато на локалитетот "с.Иловица", Општина Босилово, бр. 24-4563/1 од 23.09.2014, во членот 9 по ставот 2 се додаваат четири нови става 3, 4, 5 и 6 кои гласат:

"Концесионерот може да изврши пренос на правата и обврските од овој договор, од Концесионерот во корист на заемодавачите, како средство за обезбедување на нивните побарувања од Концесионерот, под услов со тоа да не се загрозува континуираното работење, квалитетното вршење на дејноста, како и цената.

Преносот на концесијата може да се изврши под услов правното лице на кое се врши преносот да ги исполнува условите за пренос на концесија за експлоатација утврдени со закон.

Правното лице на кое се врши преносот на концесијата е должно да отпочне со вршење на концесиската дејност во рок од 6 месеци од денот на преносот на

концесијата. Доколку новиот концесионер не отпочне со вршење на дејноста во рок од 6 месеци од денот на преносот на концесијата, Концедентот може еднострано да го раскине Договорот за концесија.

Пренос на концесијата може да се изврши доколку тоа нема да влијае суштински на цената".

Ставот 3 станува став 7.

**Член 2**

Овој анекс на договор е составен во седум (7) еднообразни примероци, од кои четири (4) примероци за Концедентот и три (3) примероци за Концесионерот.

**Член 3**

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-руди бакар и злато на локалитетот "с.Иловица", Општина Босилово, бр. 24-4563/1 од 23.09.2014.

**Член 4**

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-руди бакар и злато на локалитетот "с.Иловица", Општина Босилово, бр. 24-4563/1 од 23.09.2014 остануваат во сила, непроменети.

За ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА
Bekim Neziri

За КОНЦЕСИОНЕР,
Друштво за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО Скопје
Варшан Бабулал Гокул
Стивен Лоренс Шарп
Патрик Вилијам Форвард

Изработил:м-р Александра Митреска
Контролирале: м-р Јетон Кучи
м-р Ејуп Латифи
Согласен: Анета Димовска